МАЈ 2021

ЦеПроСАРД

# Е-БИЛТЕН 29



Почитувани читатели и соработници,

Во изминатиот период во состојбата со пандемијата со КОВИД-19 вирусот, научивме максимално да ги користиме можностите кои ни ги дадва дигиталната технологија, да одржуваме меѓу себе дистанца, а сепак да ги завршуваме проектните активности и да се надградуваме професионално. Одржуваме состаноци, работилници и завршни настани на дигиталните платформи. Допревме до поширокота јавност преку социјалните платформи.

За да можеме постојано со Вас да соработуваме и да Ве информираме за нашите активности Ве покануваме секојдневно да не следите на нашата веб страница и нашите профили на социјалните медиуми. Ви посакуваме добро здравје со желба за што поскоро враќање во состојба која ќе ни овозможи повторна диреkна комуникација.

Прочитајте го најновиот број на нашиот Е-билтен и придружете ни се во креирањето на нови, корисни активности за одржлив и инклузивен развој .

## Организирана информативна сесија на тема „Можностите од имплементација на ЕЕ и ОИЕ во болници и поставување на репери за исполнување на енергетски стандарди за болници близу до нула“




Во првата половина на март, тимот на ЦеПроСАРД во рамките на проектот „ZenH Balkan - Болници на Балканот со енергија близу нула“ организираше информативна сесија „Можностите од имплементација на ЕЕ и ОИЕ во болници и поставување на репери за исполнување на енергетски стандарди за болници близу до нула“, за потребите на експертите во Република Северна Македонија. Настанот се одржа on-line на ZOOM платформата, на темите:

- Значење и придобивки од употребата на репери (benchmark) при проценка на ЕЕ и ОИЕ кај болниците во земјата и на Балканот
- Резултати од поставувањето на репери за исполување на енергетски стандарди за болници близу до нула во РСМ (недостатоци и можности)
- Енергетско моделирање со имплементација на ЕЕ и ОИЕ мерки за постигнување на енергетски стандарди на болници блиску до нула
- Бенефити од користење на унифициран пристап при енергетско моделирање на болници за секторот здравство и МЗ

На сесијата со свои претставници учествуваа: Министерство за Здравство, Агенција за Енергетика, Министерство за Економија, Цементарница Усје, Енвирос проект Чешка, Евроконсалтинг надзор, Хабитат, ЕБРД, External experts of Sparkassenstiftung fur internationale Kooperation, МСИП, ЗЛЕК, Проект REPLACE SDEWES-Skopje, МАЦЕФ.

**Одржана меѓународна конференција на тема „Речиси кон нула енергетски болници“**
***Проект „Zen H Balkan - Болници на Балканот со енергија близу нула"***

На 19.03.2021 год, 15 предавачи и повеќе од 200 лица од јавниот и приватниот здравствен сектор, академската и научната заедница, независни истражувачи, инженери и студенти присуствуваа на онлајн Интернационалната конференција организирана на тема „Towards nearly zero energy hospitals”.

Тимот на ЦеПроСАРД во рамките на проектот „ZenH Balkan - Болници на Балканот со енергија близу нула” ангажираше предавачи од земјата и ги покани експертските организации кои работат во областа во Република Северна Македонија да учествуваат на настанот.

Проектот има за цел да ја поддржи имплементацијата на европската директива за енергетски карактеристики на зградите (EPBD) преку дефинирање на карактеристиките и стандардите за болници со „енергија близу нула“ во јужниот регион на Балканот и е поддржан од Европската Унија преку програмата Balkan-Mediterranean.

Донатор на проектот е ИНТЕРРЕГ Балкан-Медитеран 2014-2020 Европски фонд за регионален развој.






---

**Активности во рамки на процесот на деинституционализација - подготовка на персонални планови за преселба на лицата од Специјалниот Завод Демир Капија и мапирање на потенцијални објекти за живеење со поддршка во заедницата**

***“Проект - Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР”***

Во рамки на проектот “Заедно за повеќе можности и поддршка” – ТИМОР чија цел е да го овозможи спроведувањето на процесот на деинституционализацијата на лицата со попреченост од резиденцијални институции во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата, преку обезбедување на иновативни социјални услуги, во средината на месец февруари започнавме со ***подготовка на персоналните планови за преселба на лицата со попреченост*** од Специјалниот Завод Демир Капија. Во рамки на активноста, пред почетокот на директната работа во Специјалниот Завод, беше реализирана работна посета во СЗ Демир Капија од страна на ангажираната организација Македонско Монтесори Здружение (http://www.montessori-macedonia.org/) на која беше дискутиран планот на спроведување на активноста, како и потребните услови и соработката со вработените и одговорните лица од институцијата. Персоналните планови ќе бидат подготвени согласно изработената методологија од страна на проектите од грантовата шема на IPA II 2017 Action Programme of the EU Support for Education, Employment and Social Policy; Support for the De-institutionalisation Process in Social Sector.





Во рамки на проектните активности во средината на месец март беше одржан и првиот ***состанок на комисијата за избор на мапираните потенцијални станбени единици за формирање на мали групни домови за живеење со поддршка*** за корисниците кои ќе бидат раселени од Специјалниот Завод Демир Капија. На состанокот беа разгледани досегашните потенцијални мапирани објекти за домување и беа дискутирани критериумите за избор и селекција на првите домови согласно пропишаните правилници и законски одредби. На состанокот беше потенцирана и потребата за соработка со Планските Региони за вмрежување и помош при изнаоѓање на провајдери за спроведување на услугата живеење со поддршка во станбени единици и заинтересирани потенцијални организации, преку директна соработка со единиците за локална самоуправа во регионот.



Во месец март го одржавме и ***Четвртиот состанок на Конзорциум*** на партнерите на проектот. Состанокот беше отворен од претседателот на конзорциумот – директорката на Специјален Завод Демир Капија која зборуваше за моменталната состојба поврзана со Ковид-19 пандемијата и потребите на лицата со попреченост во СЗ Демир Капија. Проектниот менаџер ги презентираше завршените активности во 2020 година и временската рамка за 2021 година со предвидените активности кои следуваат во рамки на проектот.
Агендата на состанокот продолжи со активностите во поврзани со донацијата на финансиски сретства за ангажирање на 3 асистенти за поддржано живеење како помош на ЈУ СЗДК од страна на проектниот партнер, Фондација Лоза од Шведска Проектните партнери дискутираа за начинот на подготовка на корисници за преселба со запазување на протокол за влегување во ЈУ СЗДК, како и статусот на мапирање потенцијални станбени единици за формирање мали групни домови за живеење со поддршка, комисија и критериуми за избор на истите, договор со сопственици и состојбата на терен. Дискусија и предлози за текот на имплементација на идните проектни активности и подобрување на соработката во имплементацијата на истите беа исто така разговарани од партнерите, како и соработката со релевантните институции и заедничките координативни состаноци во формираните работни групи.




Проектот се спроведува во рамките на Акционата програма ИПА II 2017 на Поддршката на ЕУ за образование, вработување и социјална политика - Поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор во земјата.

Проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР"е финансиран од Европската Унија со времетраење од 36 месеци, а се спроведува од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во конзорциум со:

- Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна;
- Специјален Завод “Демир Капија“;
- Општина Демир Капија и
- Фондација Лоза од Шведска